РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА НАЦИОНАЛНА УСТАНОВА
НАРОДЕН ТЕАТАР - БИТОЛА
бр. 04-452/1
10.10. 2018 год.
БИТОЛА

НУ НАРОДЕН ТЕАТАР БИТОЛА
NI National Theatre Bitola

Врз основа на член 77-а, став 1, 2 и 5, член 77-б, член 77-в, став 1, член 77-г, член 77-д, член 77-ѓ од Законот за културата (Сл.весник на РМ бр.31/98, 49/03, 82/05, 24/07, 116/10, 47/11, 51/11, 136/12, 23/13, 187/13, 44/14, 61/15, 154/15, 39/16, 11/18 и 11/18), член 20-г од Законот за вработените во јавниот сектор (Сл.весник на РМ бр.27/14, 199/14, 27/16 и 35/18) член 22 и член 23 од Законот за работните односи (Сл.весник на РМ бр. 62/05, 106/08, 161/08, 114/09, 130/09, 149/09, 50/10, 124/10, 47/11, 11/12, 39/12, 13/13, 25/13, 170/13, 187/13, 113/14, 20/15, 33/15, 72/15, 129/15 и 27/16), член 4 став 1 од Правилникот за за пополнување на работни места за даватели на јавни услуги и лица од помошно-техничка служба во НУ Народен театар-Битола,Правилникот за задолжителните елементи на јавниот оглас за пополнување на работно место во јавниот сектор преку вработување и на Пријавата за вработување, како и формата, содржината и начинот на водење на регистарот на лица кои дале лажни податоци при вработување во јавен сектор (Сл.весник на РМ бр. 34/15), Согласноста од Министерството за финансии бр. 18-6644/2 од 22.06.2018 година, НУ Народен театар-Битола објавува

# ЈАВЕН ОГЛАС бр. 02/2018

## за засновање работен однос на неопределено работно време за едно (1) лице давател на услуги

Националната установа Народен театар-Битола објавува оглас за вработување на **едно (1) лице давател на услуги** на следната позиција:

1. КУЛ 03 04 Б01 003 - Костимограф..........................(1) еден извршител

Кандидатите треба да ги исполнуваат следните:
**Општи услови:**
- да е полнолетен
- да има општа здравствена способност за работното место и
- со правосилна судска пресуда да не му е изречена казна забрана за вршење професија, дејност или должност.

**Посебни услови за работните места:**
- ниво на образование 240 ЕКТС или завршен VII/1 степен: Драмски уметности, Текстилна технологија
- најмалку пет години работно искуство во струката
- активно познавање на еден од трите најчесто користени јазици на Европската унија (англиски, француски, германски)
- сертификат за работа со компјутерски програми за канцелариско работење

**Распоред на работно време:**

- работни денови — понеделник-петок
- работни часови неделно — 40
- работно време — од 9:00-13:00 и 18:00-22:00

**Месечна нето плата:** 26 122,00 денари

Кандидатите за вработување се пријавуваат на јавниот оглас преку пополнување на пријава и приложување на докази за исполнување на условите за работното место. Пријавата за вработување кандидатите можат да ја подигнат во НУ Народен театар Битола или на WEB-страната на Театарот http.narodenteatarbitola.com

Кандидатите кон пријавата треба да ги приложат бараните документи за исполнување на општите и посебните услови во оригинал или заверени на нотар:

- Доказ за општа здравствена способност за работното место
- Доказ дека со правосилна судска пресуда да не му е изречена казна забрана за вршење професија, дејност или должност
- Доказ за завршено образование
- Доказ за работно искуство во струката
- Доказ на познавање на странски јазик
- Доказ за познавање на компјутерски програми за канцелариско работење

**Јавниот оглас трае 15 дена од денот на неговото објавување во дневниот печат.**

**Напомена:** Со пријавените кандидати ќе се спроведе интервју. Кандидатите кои внеле лажни податоци во пријавата се дисквалификуваат од натамошната постапка. Ненавремените и некомплетни документи нема да се разгледуваат.

Изборот ќе се изврши во рок од 10 дена.

Пријавата со потребните документи кандидатите можат да ја достават директно во архивата на Театарот заклучно со последниот ден до 16,00 часот или по пошта во затворен плик со назнака **„За јавен оглас“ на адреса НУ Народен театар-Битола, ул.Широк Сокак број 60, 7000 Битола.**

НУ Народен театар-Битола
директор,
Иван Јерчиќ